# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**12.04.2022 год.** **Бр.IV**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 10-та седница на Советот на Општина Крушево**
**одржана на ден 11.04.2022 год.**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 10-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 11.04.2022 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-548/1 од 12.04.2022 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 116 од Законот за Основното образование (“Сл.весник на РСМ” бр.161/19 и 229/2020), член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на ВД Директор на**

**1. На ПЕТРЕ МИШЕСКИ** од Прилеп, му престанува мандатот на ВД Директор во ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Бучин Општина Крушево, заради истекот на рокот за кој е именуван.

2. Градоначалникот на Општина Крушево ќе именува ВД Директор кој ќе ја извршува функцијата до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на именувањето.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

4. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Бучин Општина Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

Петре Мишески беше именуван за ВД Директор на ООУ „Св.Кирил и Методиј” с.Бучин Општина Крушево со Решение бр.04-328/11 од 29.09.2021 година.

Мандатот од 6 (шест) месеци од неговото именување е истечен.

Согласно член 118 став 4 и 5 ВД Директор не може да биде подолго од 6 (шест) месеци, исто така исто лице едноподруго не може да биде именувано за вршител на должноста директор на Основно училиште. До денес не е спроведена постапка за избор на директор.

Поради горе наведеното Градоначалникот на Општина Крушево се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
**Бр.09-496/1 од 28.03.2022 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 118 од Законот за Основното образование (“Сл.весник на РСМ” бр.161/19 и 229/2020),член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007;16/2014, 7/2019 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на ВД Директор на**
**ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Бучин**
**Општина Крушево**

**1. СЕ ИМЕНУВА Ана Пачешкоска** од с.Бучин, дипломиран професор во одделенска настава, за ВД Директор на ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Бучин Општина Крушево.

2. ВД Директорот ќе ја извршува функцијата до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на именувањето.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

4. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Бучин Општина Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

На ВД Директорот на ООУ „Св.Кирил и Методиј” с.Бучин-Крушево Петре Мишески, на 29.03.2022 година му истече мандатот за кој беше именуван.

Градоначалникот на Општина Крушево согласно одредбите од Законот за Основно образование, односно член 118 од истиот закон, изврши именување на ВД Директор на ООУ од редот на вработените во училиштето. Во рок од 5 дена од денот на именувањето, ќе донесе одлука УО да објави оглас за избор на директор.

Именуваната Ана Пачешкоска, е од редот на вработените во училиштето и функцијата ВД директор ќе ја извршува до изборот на нов директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на неговото именување.

Поради горе наведеното Градоначалникот на Општина Крушево се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
**Бр.09-496/2 од 28.03.2022 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 118 став 2 од Законот за Основното образование (“Сл.весник на РСМ” бр.161/2019 и 229/2020), член 50 став 1 точка 9 и 16 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 9 и 16 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 , 16/14, 7/2019 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**О Д Л У К А**
***за објавување на Јавен оглас за избор на директор на***
***ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Бучин***
***Општина Крушево***

**Член 1**

Со оваа Одлука Градоначалникот на Општина Крушево одлучи Училишниот одбор на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево да објави Јавен оглас за избор на директор на училиштето.

**Член 2**

Училишниот одбор на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево, по претходно спроведена постапка, во рок од 7 (седум) дена од извршениот разговор со кандидатите, на Градоначалникот му го предлага кандидатот кој добил мнозинство од гласовите од вкупниот број од членовите на Училишниот одбор.

**Член 3**

Градоначалникот на Општина Крушево во рок од 10 (десет) дена од денот на добивање на предлогот, го именува предложениот кандидат за директор на Основното училиште.

Ако Градоначалникот во рокот утврден во став 1 на овој член не го именува директорот, именувањето го врши Министерот.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-496/3 од 28.03.2022 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 10-та седница, одржана на 11.04.2022 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 9-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 14.03.2022 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002).

**Бр.08-528/3 од 11.04.2022 година Крушево**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 23 од Законот за угостителската дејност („Сл.весник на Р.М." бр.62/04; 89/08; 115/10; 53/11; 141/12; 164/13; 187/13; 166/14; 199/14; 129/15; 192/15; 39/16; 53/16 и 71/16 и „Сл.весник на РСМ„ бр.31/20), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/07; 16/2014; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 11.04.2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти**

**Член 1**

Со оваа Одлука се продолжува работното време, определено со Закон, на угостителските објекти на територијата на Општина Крушево.

**Член 2**

Работното време на угостителските објекти се продолжува за 2 (два) часа за време на велигденските празници во деновите 22, 23 и 24.04.2022 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-528/4 од 11.04.2022 година Крушево**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 49 и 50 од Статутот на општина Крушево („Службен гласник на општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на општина Крушево на седницата одржана на ден 11.04.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за кофинансирање на проектот „In'n'Outкино"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност Општина Крушево да учествува со кофинансирање на проектот **„In'n'Outкино“** во износ **до 60.660,00 денари.**

**Член 2**

Општина Крушево за реализација на проектот ќе кофинансира финансиски средства во максимален износ до 60.660,00 денари, согласно Писмо за поддршка бр. 03-641/1 од 04.06.2021 година, а средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општината за 2022 година.

**Член 3**

Апликацијата за наведениот проект ја поднесува коалицијата „Младите за Крушево“ во рамките на проектот „Зајакнување на жителите на Пелагонискиот регион“ финансиран од Холандската Амбасада во Скопје, имплементиран од Граѓанската Асоцијација за унапредување на развојните процеси „Про Локал“ од Битола.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крушево“.

**Бр.08-528/7 од 11.04.2022 година Крушево**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 66 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 3 став 2 од законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ” бр.78/15; 106/15; 153/15; 190/16; 21/18, „Сл.весник на РСМ“ бр.101/19; 275/19 и 122/21) и член 21 став 1 точка 38 и член 135 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 11.04.2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за оттуѓување на движни ствари-моторни возила во сопственост на Општина Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава Согласност за оттуѓување на движни ствар во сопственост на Општина Крушево, моторни возила-користени Рено-Кангоо; Опел Вектра и Камион Фап 1314.

**Член 2**

Општина Крушево ќе ги продава моторните возила по пат на електронско Јавно наддавање во согласност со законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

**Член 3**

Почетната цена за продажба на возилата што е предмет на продажба со електронско јавно наддавање е проценетата вредност утврдена согласно со законот за процена.

**Член 4**

Постапката за продажба ќе ја спроведе Комисијата за располагање на недвижни и движни ствари на Општина Крушево што ќе ја формира Градоначалникот.

**Член 5**

Средствата остварени од продажбата на недвижните ствари од член 1 на оваа Одлука се приход на Буџетот на Општина Крушево.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-528/8 од 11.04.2022 година Крушево**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), член 11 став 1 алинеја 4 од Законот за социјалната заштита („Сл.весник на РСМ“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21 и 294/21) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 11.04.2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за формирање на Совет за социјална заштита на Општина Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Совет за социјална заштита на Општина Крушево за остварување на дејноста на социјалната заштита во општината, унапредување на дејноста, развивање на локални мерки и активности од областа на социјалната заштита согласно Закон.

**Член 2**

Советот за социјална заштита на Општина Крушево е составен од 11 (единаесет) членови на предлог на Градоначалникот и тоа:

1.Наташа Папакоча, општинска администрација;
2.Еленица Љума, општинска администрација;
3.Живка Талевска, ЦСР;
4. Василика Чавкароска, ЦСР;
5. Мена Јакимоска, ООУ „Никола Карев“ Крушево;
6. Анета Диманоска, ООУ „Св.Кирил и Методиј“ с.Бучин;
7. Мери Абаџи, СОУ „Наум Наумовски-Борче“ Крушево;
8. Ана Тирчоска, Здравствен Дом Крушево;
9.Лефкотеја Чавкароска Јанкулоска, Полициска станица Крушево;
10. Лефкија Гажоска, НВО Крушево;
11. Тони Кузманоски, Верски заедници-Крушево.

Претседател на Советот е претставник од општинската администрација.

**Член 3**

Мандатот на членовите на Општинскиот Совет за социјална заштита трае 4 (четири) години.

Во случај на престанок на мандатот на член на Општинскиот Совет за социјална заштита пред истекот на мандатот, Советот на Општина Крушево на предлог на Градоначалникот именува нов член по истиот основ.

**Член 4**

Членовите на Општинскиот Совет за социјална заштита имаат обврска задолжително да присуствуваат на седниците, за што ќе им се издаде потврда за присуство, како основа за ослободување од работните обврски за времетраењето на седниците.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-528/9 од 11.04.2022 година Крушево**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 34 и член 53 став 1 и 2 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/07; 16/14; 7/19 и 7/20), во врска со член 88 од Законот за средното образование (“Сл.весник на РМ” бр.44/95; 24/96; 34/96; 35/97; 82/99; 29/02; 40/03; 42/03; 67/04; 55/05; 113/05; 35/06; 30/07; 49/07; 81/08; 92/08; 33/10; 116/10; 156/10; 18/11; 51/11; 6/12; 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16; 67/17; 64/18, „Сл.весник на РСМ“ бр.161/19 и 229/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 11.04.2022 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на член на УО на Средно Општинско Училиште “Наум Наумовски-Борче” Крушево**

1. Од член на УО на СОУ ”Наум Наумовски-Борче” Крушево СЕ РАЗРЕШУВА Љубица Степаноска на нејзино барање.

2. За член на УО на СОУ ”Наум Наумовски-Борче” Крушево се именува:
- Захарина Христоска;

3. Членот на УО на СОУ”Наум Наумовски-Борче” Крушево се именува за период до завршување на мандатот на членовите на УО;

4. Примерок од ова Решение да се достави до именуваните, СОУ”Наум Наумовски-Борче” Крушево и Архивата на Општина Крушево.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-528/10 од 11.04.2022 година Крушево**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 11 став 1 точка 2 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на Р.М.” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и “Сл.весник на Р.С.М.” бр.275/19) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 11.04.2022 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање Согласност на одлуката за измена и дополнуавње на Статутот на ЈП „Комуна” Крушево**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на одлуката за измена и дополнуавање на Статутот на ЈП „Комуна” Крушево бр.02-58/4 од 18.03.2022 година, донесена од Управниот одбор.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-528/11 од 11.04.2022 година Крушево**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на Р.М.” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19) и член 21 став 1 точка 37 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 11.04.2022 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на извештајот за работа на ЈП “Комуна” Крушево за 2021 година**

1. Советот на Општина Крушево, го усвојува извештајот за работа на ЈП “Комуна” Крушево за 2021 година, бр.01-71/1 од 22.03.2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП”Комуна” и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-528/12 од 11.04.2022 година Крушево**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19) и член 21 став 1 точка 37 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 11.04.2022 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишната сметка на ЈП “Комуна” Крушево за 2021 година**

1. Советот на Општина Крушево, ја усвојува Годишната сметка на ЈП “Комуна” Крушево за 2021 година, бр.05-72/1 од 22.03.2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП”Комуна” и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-528/13 од 11.04.2022 година Крушево**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 11 став 1 точка 5 од

Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на Р.М." бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 11.04.2022 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за давање на Согласност на ценовникот на услугите на**
**ЈП „Комуна" Крушево**

1. Советот на Општина Крушево, дава Согласност на ценовникот на услугите на ЈП „Комуна" Крушево бр.02-77/4 од 30.03.2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП"Комуна" и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-528/14 од 11.04.2022 година Крушево**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-478/1 од 23.03.2022 година од Менка Дамјаноска од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 11.04.2022 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 5.000,00 (пет илјади) денари по барање бр.08-478/1 од 23.03.2022 година од Менка Дамјаноска од Крушево ул.„Нико Доага" бб со ЕМБГ 2011953448008;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.200000310524637, депонент Стопанска Банка АД Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.08-528/17 од 11.04.2022 година Крушево**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-513/1 од 31.03.2022 година од Љуан Ибраимоски од с.Норово, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 11.04.2022 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 5.000,00 (пет илјади) денари по барање бр.08-513/1 од 31.03.2022 година од Љуан Ибраимоски од с.Норово-Општина Крушево со ЕМБГ 2006975443006;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.240207013997657, депонент УНИ Банка АД Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.08-528/18 од 11.04.2022 година Крушево**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 41 став 8 од законот за

основното образование („Сл.весник на РСМ“ бр.161/19 и 229/20) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20), а по Барање бр.03-74/1 од 23.03.2022 година од ООУ „Никола Карев“ Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 11.04.2022 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 6.000,00 (шест илјади) денари по барање бр.03-74/1 од 23.03.2022 година од ООУ „Никола Карев“ Крушево;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.740010629760315, ЕДБ 4016978100099 и МБ 4009673 од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.08-528/19 од 11.04.2022 година Крушево**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

**Ре.бр.** **стр.**

1.Заклучок за објавување на актите донесени на 10-та седница на Советот на Општина Крушево ..... 1
2. Решение за престанок на мандатот на ВД директорот на ООУ „Св.Кирил и Методиј“ с.Бучин .................................................................... 1
3. Решение за именување на ВД директорот на ООУ „Св.Кирил и Методиј“ с.Бучин ........................... 2
4. Одлука за објавување на Јавен оглас за избор на директор на ООУ „Св.Кирил и Методиј“ с.Бучин .................................................................... 2
5. Заклучок за усвојување на записникот од 9-та седница на Советот на Општина Крушево .......... 3
6. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти ...................................... 3
7. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Крушево за 2022 година ................. 4
8. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Крушево за 2022 година .... 4
9. Одлука за кофинансирање на проектот „In'n'Outkino" ...................................................... 4
10. Одлука за оттуѓување на движни ствари-моторни возила во сопственост на Општина Крушево ........................................................... 4
11. Одлука за формирање на Совет за социјална заштита на Општина Крушево ........................... 4
12. Решение за разрешување и именување на член на УО на Средно Општинско Училиште „Наум Наумовски-Борче„ Крушево ............................... 5
13. Решение за давање на согласност на одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈП „Комуна“ Крушево ................................................................
14. Заклучок за усвојување на извештајот за работата на ЈП „Комуна“ Крушево за 2021 година ............................................................................. 6
15. Заклучок за усвојување на годишната сметка на ЈП „Комуна“ Крушево за 2021 година ................ 6
16. Заклучок за давање на согласност на ценовникот на услугите на ЈП „Комуна“ Крушево ................. 6
17. Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населенито од заразни болести за подрачјето на Општина Крушево ........................ 7
18. Програма за спорт и рекреација на општина Крушево за 2022-2025 година .............................. 7
19. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Менка Дамјаноска од Крушево ........... 7
20. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Љуан Ибраимоски од с.Норово ............. 8
21. Решение за исплата на финансиски средства по барање од ООУ „Никола Карев“ Крушево ........... 8

Редакциски одбор на Општина Крушево.